Бр./Nr 12-1672/5
05-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24 -та седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-3089/1 од 04.12.2024 година, оформен по доставена пријава против Јавната установа --- “---”, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, утврди дека во пријавениот случај постапиле други надлежни институции, ДИТ и ДУИ, кои по извршен надзор не утврдиле неправилности во однос на постапките за преземањето, вработувањето и унапредувањето на подносителот.

Во однос на наводот за можна дискриминација, подносителот на пријавата може да ја достави на надлежно постапување до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на РСМ.

Предметот со бр. 12-3089/1 од 04.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 04.12.2024 година, поднесена е пријава против Јавната установа --- “---” (понатаму: ЈУНП ---) и оформен е предмет бр. 12-3089/1 од 04.12.2024 година.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за незаконски дејствија и дискриминација врз вработен во ЈУНП ---, по националност Ром, кој бил превземен и распореден од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор во ЈУНП ---на работно место општ работник. Подносителот како што наведува во пријавата, бидејќи е Ром по националност бил дискриминиран, принудуван да работи други работи, (варел кафе на вработените и директорот, ложел парно, итн). Исто така, по усна наредба на директорот, бил ангажиран во одделението за финансии каде што контролирал и пополнувал вирмани за плаќање фактури и плаќање на дневен промет. Иако бил

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

донесен закон сите што биле вработени согласно Рамковниот договор со средно образование, а имале завршено високо образование да се унапредат во рамките на институциите во кои работеле, доколку имаат средства за истото, ЈУНП ---иако располагало со средства за унапредување, според подносителот, немало волја за негово унапредување бидејки тој бил Ром. Во мај 2023 година се отворил јавен оглас за шумари и подносителот поради безизлезната ситуација во која се наоѓал, се пријавил и добил решение за шумар, но во реалноста бил сместен во Управата на ЈУНП ---, каде вршел други работи.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот управен инспекторат (понатаму: ДУИ) и до Државниот инспекторат за труд (понатаму: ДИТ).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

ДУИ со допис - Известување од 26.06.2025 година, извести дека инспекторот извршил инспекциски надзор за што е составен Записник Ип1 бр. --- од 26.06.2025 година, при што било констатирано дека согласно К-5 Програмата и Одлуката на Владата на РМ за започнување на постапка за спогодбено преземање на вработени преку Секретаријат за спроведување на рамковен договор, од страна на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците била започната постапка за преземање на еден вработен (---) во ЈУНП ---.

Согласно актите за систематизација на институцијата во ЈУНП ---, лицето било превземено и распоредено на работно место општ работник за вршење на градежни работи, кое спаѓа во група IV работни места на помошно технички лица, согласно Законот за вработените во јавниот сектор. За оваа постапка биле обезбедени писмена согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии и писмена согласност од МИОА.

Инспекторот утврдил дека се работи за помошно - техничко лице вработено по пат на трајно преземање во ЈУНП, за кое, согласно надлежностите на управната инспекција утврдени во член 2 од Законот за управната инспекција и согласно чл. 45 став 4 од Законот за вработените во јавниот сектор, управната инспекција не е надлежна да постапува.

Претставката била доставена до Државен инспекторат за труд на натамошно постапување.

ДИТ со допис – Известување за извршен вонреден надзор во ЈУНП --- бр. --- од 02.07.2025 година известува дека е утврдено следното:

1. Врз основа на спогодба за вработување без јавен оглас преку трајно распоредување лицето --- од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците бил превземен во ЈУНП --- на работното место општ работник за градежни работи со статус на помошно техничко лице врз

основа на член 143-а став 1 од Законот за заштита на природата, според кој вработените во ЈУНП --- имаат статус на административни службеници и помошно-технички персонал.

2. Во текот на 2020 година објавени биле два јавни огласи за вработување на неопределено време во ЈУНП --- за вкупно 6 (шест) лица, од кои 4 (четири) за лица од категоријата помошно-технички лица. Од увидот во документацијата е утврдено дека лицето --- не се пријавил на ниту еден од двата огласи за вработување.

3.Во врска со наводите дека не му бил признат факултетот се утврдило следното:

Со законот за именување и дополнување на Законот за административни службеници (Сл. Весник на РСМ бр. 14/2020) во член 8 се предвидува: *(1) Помошно-стручните административни службеници кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се стекнале со стручни квалификации за повисоко ниво на работно место, може до секретарот, односно раководното лице во иниституциите во кои не се назначува секретар од 01.09.2020 година да поднесат барање за обезбедување вреднување на соодветниот степен на образование во соодветната компонента на плата дел на плата за степен на образование.*

Во истиот закон во член 9 се предвидува:

*Административниот службеник кој е на работното место од категоријата на помошно-стручни административни службеници, а кој ги исполнува посебните услови од член 25 став 2 од овој закон, на негово барање може да се распореди на работно место помлад соработник доколку тоа работно место е утврдено во актот за систематизација на работните места и не е пополнето.*

Констатирано било дека овој закон се однесува за вработени во ЈУНП ---кои се со статус на административни службеници, а лицето --- кој е превземен во ЈУНП --- на работно место - општ работник за градежни работи бил со статус на помошно техничко лице. Во 2023 година тој бил унапреден со интерен оглас на работно место чувар во заштитено подрачје II категорија, кое било од категорија на помошно техничко лице. За вработените со статус помошно технички лица се применува Законот за работни односи и Законот за вработени во јавен сектор, а не се применува Законот за административни службеници.

Лицето --- од самото превземање до денот на инспекцискиот надзор немал конкурирано на ниту еден јавен или интерен оглас освен на интерниот оглас од 03.05.2023 година по кој бил унапреден на работно место чувар во заштитено подрачје II категорија.

4. За работното место сметководител кое што се споменува во пријавата се констатирало дека од заминување во пензија на сметководителот, не бил објавен јавен оглас или интерен оглас за пополнување на тоа место. Во Актот за систематизација на работни места во ЈУНП --- за работното место сметководител било предвидено, лицето да има завршено средно економско образование. Согласно увидот во персоналното досие на подносителот, истиот немал завршено средно образование од областа на економија, туку имал завршено средно образование од областа на електротехничка струка и имал диплома со образовен профил електротехничар-енергетичар.

5. Во однос на наводот од пријавата до Влада на РСМ за член на Управен одбор се констатирало дека согласно член 138 став 1 од Законот за заштита на природа, орган за управување на јавната установа --- е управниот одбор, кој го сочинуват пет члена, двајца преставници на државната управа надлежни за вржење на работите од областа на заштитата на природата, претставник на општините на чие подрачје се наоѓа националниот парк и двајца преставници на стручниот орган. Директорот на ЈУНП --- со одлука формирал стручен колегијален орган и двајца членови биле предложени до Владата на РСМ да ги именува за членови на Управен орган. Лицето --- не бил член на стручен колегијален орган и затоа немал основ да биде предложен за член на Управен орган.

6. Со оглед на фактот дека лицето --- било распоредено на работното место чувар во заштитено подрачје II категорија, за кое било предвидено извршување на теренска работа, од в.д. Директор на ЈУНП --- било побарано да извршува работни задачи предвидени во актот за систематизација, при што истиот примал теренски надоместок, но одбивал да оди на терен со образложение дека имал здравствени проблеми за што приложил лекарска документација, но како доказ за истото било потребно да се донесе решение од страна на соодветна комисија при ФПИОМ која одлучува дали работникот е способен да извршува теренски работи.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК утврди дека во пријавениот случај постапиле други надлежни институции, ДИТ и ДУИ, кои по извршениот надзор не утврдиле неправилности во однос на преземањето, вработувањето и унапредувањето на подносителот. За наводот во пријавата што се однесува на наводната дискриминација на работното место, надлежна е Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на РСМ, и од таа причина на подносителот на пријавата му се укажува дека треба пријавата да ја проследи до оваа институција на натамошно постапување.
Од сето наведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. Член на ДКСК